**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Република Македонија**

**З А П И С Н И К бр.2**
**од**
**Преговори за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план, помеѓу МЖСПП и СИЛМАК**
Втор состанок , 09.05.2008 год. простории во Силмак, почеток 11.00 ч.

## Присутни:

**Тим за преговарање на МЖСПП:**
- Миле Јакимовски, директор на Управата за животна средина,
- Лендита Дика, државен советник за индустриско загадување и управување со ризик,
- Ана Каранфилова-Мазнева, државен советник за животна средина,
- Назим Алити, раководител на одделението за интегрирано спречување и контрола на загадувањето,
- Марионка Виларова, помошник раководител на Македонски информативен центар за животна средина,
- Алмина Хаџија, самостоен референт во Сектор за просторно планирање-записничар,

**Тим за преговарање на СИЛМАК:**
- Борко Андреев, соработник и координатор на проектот, претседател на тимот
- Срећко Исаевски, менаџер на ЕКОМАК
- Борис Анчевски, раководител на пречистителна станица
- Бесник Абдулаи, менаџер во производство

Како што се договори на првиот состанок, да се разгледуваат активностите по медиуми, на вториот состанок се разгледаа сите активности поврзани со водите како и се заврши разгледувањето на активностите за воздух. Тимовите за преговарање започнаа со дискусија околу дополнувањето и измена на некои активности од Оперативниот план по дадените точки.Исто така сите рокови за започнување и завршување на активностите се пролонгира за една година, поради за закаснување на процедурата за преговори. Исто така, како што се договори на првиот состанок. Се надополни точка 7 како што се договори на првиот состанок.

**Активност бр.17 станува активност 7 : Модел за дисперзија на воздухот**
Описот од точка 1 се изменува и гласи: Моделот за дисперзија на воздухот претставува дигитализирана симулација на тековните и планираните емисии.
Моделирањето се користи пред и после достигнување на граничните вредности на емисијата од 10 мг/м$^3$. изработката на моделот се базира на компјутерска на можните историски податоци на метереолошките ентитети ( воздушни состојби,

ул. Дрезденска бр. 52, 1000 Скопје тел. 02 30 66 930, тел/факс 02 30 66 931
e-mail: infoeko@moe.gov.mk web: www.moepp.gov.mk

ружа на ветрови и слично) во поблиската и подалечната околина на инсталацијата. Овие податоци, кои по своето значање се на ниво на најсуштвените, на национално ниво се добијат од државните институции. Во тој смисол, реализацијата на оваа активност е во директна зависност од развојот на формирањето на базата на податоци, потребни за нејзината реализација. Реализацијата на оваа активност е детерминирана од фактори кои се вон организациониот систем на инсталацијата. Моделот ќе се базира на софтверско решение кое ќе биде одбрано согласно применливото право на Р.Македонија.
Во точка 4,5 и 6 се избрише зборот"Не е применливо" и гласи: "Ова активност нема влијание на емисиите"
Точка 7 се изменува, се брише табелата и гласи: мониторингот ќе се однесува на можностите да се обезбедат потребните податоци за изработка на моделот и изборот на соодветно софтверско решение, како и професионална куќа или центар ( коорпоративен или државен ) кој ќе го изработи моделот. Во таа смисла, соработката со МЖСПП или соодветна државна агенција ќе има клучна улога.
Во точка 8, зборот "програмата" се изменува и гласи "моделот " и продолжува реченицата. Извештаите ќе се изработуваат на секои шест месеци.
Во точката 9, се изменува вредноста на инвестицијата од 5000 Евра на 25000 Евра.
Во продолжение се дискутираше активностите што се поврзани со водите.

**Активност бр. 25 станува активност бр.11 и зборот"Решавање на прашање" се изменува со "Изготвување на проект за намалувањето на температурата на вишокот на водата за ладење".**
Во точките 4 и 5 се заменува зборот"не е применлив "со "нема влијание ".
Табелата од точка 7 ќе биде описно и ќе има три подточки:
а).мониторингот ќе се однесува на прогресот на реализација на проектот,
б).следење на прогресот на реализацијата од активност 6 и 12 и
в).прогресот на реализацијата на проектот, и негово изготвување.
Во точка 8 ќе стои да извештаите од мониторингот да се достават на секои 6 месеци.

**Активност бр. 34 станува активност бр.12: Реализација на проектот за намалување на температурата на вишокот на водата за ладење**
Во точките 4 и 5 ќе се заменува зборот не е применливо со нема влијание. Во точката 6 ќе се избрише зборот ладење. Во точката 7 се избрише табелата и се објаснува описно: мониторингот ќе се врши согласно технолошкиот процес во инсталацијата и позитивните законски и подзаконски акти на Р Македонија. Во точка 8 зборот "не е применливо" се менува со "согласно барањата на точката 7 на ова активност "

**Активност бр.20 станува активност бр.13: Таложник во припрема - Техничка единица**
Под насловот се додава текстот: активноста ќе се одвива во две фази:
а). Подготвување на проект и
б). Реализација на проект
Во точка 4 зборот " не е применлив " се заменува со "нема да има влијание до и за време на реализацијата".Во точка 5 зборот" не е применлив " се менува со "

се очекува намалување на дисперзираните честички на талогот". Во точката 7 мониторингот се брише табелата и текстот ќе гласи како во точката 12. Во точката 8 се брише " не е применлив " и ќе гласи исто како во точката 12.

**Активност бр.15 станува активност бр.14. Текстот на активноста се менува и гласи: Изготвување на прирачник за одржување на таложниците**
Во точка 4 од оваа активност се додава: " нема влијание " . Во точка 6 после " Влијание врз ефикасноста " се брише текстот и гласи " нема влијание ".

**Активност бр.24 станува активност бр.15. се менува текстот и гласи: Проект за одвојување на атмосферските од фекалните води**
Во точките 4,5 и 6 ќе се додава " нема влијание на вредностите на емисиите до и за време на реализација на активноста". Подготвување на прирачник за вкупниот систем на таложници.
Точката 7 оди описно како во активноста 12

**Активност бр.33 станува активност бр.16:Реализација на проектот за одвојување на атмосферските и фекалните води**
Ова активност е поврзана со 15 активност.
Се менува текстот на точка 1 и ќе гласи: Проектот ќе ги даде возможните решенија за издвојување на атмосферските од фекалните води. Фекалните води треба да одат во дополнителен третман, потоа да се испуштат во реципиент. Во точка 4 се додава текстот: параметрите до и за време на реализацијата остануваат во рамките на постојните вредности.Во точка 5 се додава текстот: вредностите ќе бидат во рамките на МДК. Во точка 8 се брише текстот Извештајот ќе го прати прогресот на намалувањето на загадувањето и се додава: " Извештаите ќе се испраќат квартално а податоците да бидат достапни контиунирано".

**Активност бр.26 станува активност бр.17: Изградба на постројка за примарен третман на комунални води**
Во точка 1 бројот 24 се изменува со број 16. Во точка 4 се брише " не е применливо " и се додава " во рамките на постојните вредности ". Во точката 5 се брише " не е применливо " и се додава " вредностите ќе бидат во рамките на МДК". Во точка 8 на крај се додава текстот " Извештаите од мониторингот ќе се достават квартално согалсно со прирачникот на активноста 14 ". Во точка 9, Вредноста од 5000 Евра се заменува со 35000 Евра.

**Активност бр.22 станува активност бр.18: Перење и чистење на возила**
Под насловот се додава текстот: активноста ќе се одвива во две фази:
а). Подготвување на проект и
б). Реализација на проект

Во точка 4 се додава текстот : нема да има влијание. Во точка 5 се додава текстот: ќе има подобрување на квалитетот на водата.

**Активност бр.27 станува активност бр. 19: изработка на пречистителна станица за отпадните води**
Се менува описот од точка 1 и гласи: Решавањето на комуналните одпадни води ќе се одвива во повеќе фази и тоа:
а).изработка на проект,
б). Превземање на решенијата од активноста бр.17 и
в). Реализација на проектот.

Во точка 4 се брише " не е применливо " и се додава " согласно постојните вредности ". Во точка 5 се брише " не е применливо " и се додава " доведување во граници на МДК, дефинирани спрема законот за води". Во точка 6 се додава текстот: Зголемување на потрошувачката на електричната енергија, а подобрување на квалитетот на водата на реципиентот и воопшто на еколошкиот амбиент. Точка 7 оди описно: Перманентен, после реализацијата на проектот, согласно техничките карактеристики на постројката и Законските и подзаконските акти на променливото право на Р. Македонија. Во точка 8 се брише начинот на доставување на извештајот и се додава: Извештаите ќе бидат континуирани ( Дневни, неделни, и месечни ), согласно одредбите дефинирани во точка 7 на оваа активност. Во точка 9 вредноста се менува од 50.000 Евра на 350.000 Евра.

Состанокот заврши во 17.00 часот.

**Идниот состанок се закажува за 15.05.2008 год. Во 12 часот.**

Записничар:
Алмина Хаџија

Потпишување на учесниците на преговорите:

1. Миле Јакимовски______________________
2. Назим Алити ______________________
3. Лендита Дика ______________________
4. Ана К. Мазневска ____________________
5. Маријонка Виларова __________________
6. Борко Андреев _______________________
7. Среќко Исаевски _____________________
8. Борис Анчевски ______________________
9. Бесник Абдулаи ______________________